Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-206/2
03.06 2021 год.
СКОПЈЕ

До
[redacted]
[redacted]1000 Скопје

Од
Комисија за спречување и заштита од дискриминација
бул. Даме Груев бр. 1
Скопје

И З В Е С Т У В А Њ Е

Почитувани, на 01.07.2019 година до Комисијата за заштита од дискриминација од Ваша страна е доставена претставка заведена под бр. 0801-206/3, поднесена против Град Скопје. Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на овој закон во сила, ќе завршат според одредбите на овој закон.
После разгледувањето на вашата претставка, списите од вашиот предмет и добиениот одговор од страна [redacted] на Сектор за општи работи при град Скопје – ве информираме дека рокот за поднесување на претставката не е запазен, односно **претставката е застарена согласно член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој предвидува дека претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот на сторување на повредата.

Заради горенаведеното ве известуваме дека претставката бр. 0801-206/3, поднесена на 01.07.2019 година од ваша страна против Град Скопје, **СЕ ОТФРЛА непочитување на законско-предвидениот рок согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.**

Комисија за спречување и заштита од дикриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје